Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, Уп1 бр.02-299 од 10.06.2021 година, согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-2359/4 од 17.06.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 18-та седница одржана на 17.06.2021 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, и тоа:

- за истапување на физичкото лице Симјончо Марјанов, со ЕМБГ [redacted] и адреса на [redacted], и

- за пристапување на физичкото лице Христијан Марјанов, со ЕМБГ [redacted] и адреса на [redacted], со учество од 90% во основната главнина.

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-299 од 10.06.2021 година), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип.

Доставеното Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-299 од 10.06.2021 година) од страна на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура. По извршената промена на сопственичка структура, сопственици на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип ќе бидат физичкото лице Христијан Марјанов, со ЕМБГ [redacted] и адреса на [redacted], со учество од 90% во основната главнина и Розетка Моневска, со ЕМБГ [redacted] и адреса на [redacted], со учество од 10% во основната главнина.

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура Уп1 бр.02-299 од 10.06.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-299**
**21.06.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.